Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА

## со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба

### Член 1

Во Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 137/20, 147/20, 151/20 и 154/20), во членот 3 по ставот (5), се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:

„(6) Во однос на заштитата, чувањето, обработката и користењето на криптираните податоци содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со оваа уредба со законска сила се применуваат прописите од областа на канцелариското и архивското работење и други прописи кои се однесуваат на работењето на субјектите и институциите опфатени со оваа уредба, при што во однос на заштитата при обработката и чувањето на личните податоци се применуваат и прописите за заштита на личните податоци“.

„(7) За веродостојноста на податоците содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со оваа уредба со законска сила, одговорни се институциите кои ги доставиле истите врз основа на ставовите (1), (2) и (3) на овој член.“

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44- 5546/1**
**13 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**